47060



### ИАКО НАЈАВУВАНО КАКО СИГУРЕН ПРОЕКТ

# АТЕЉЕТО ВО ПАРИЗ ЗАГЛАВИ ВО МИНИСТЕРСКАТА РОКАДА

Договорот според кој македонските ликовни уметници до 2060-тата година би имале на користење ателје во Sitè internacionale des art во Париз се уште чека на министерски потпис. Причината за нереализираниот договор лежи во министерските рокади, односно, договорот кој требаше со г-ѓа Симон Брино да го потпише екс министерот за култура Љубен Пауновски во август годинава, сега е во ингеренции на Ганка Самоилова-Цветановска, актуелната министерка за култура.



*АТЕЉЕТО ВО ПАРИЗ ТРЕБА ДА „ТРАЕ“ ДО 2060-ТАТА*

**● ЗАКУПОТ НА АТЕЉЕТО ГО ДОГОВАРАШЕ ЕКС-МИНИСТЕРОТ ЉУБЕН ПАУНОВСКИ, А ДОГОВОРОТ ЗА ТОА СЕГА ГО ЧЕКА ПОТПИСОТ НА АКТУЕЛНАТА МИНИСТЕРКА ГАНКА САМОИЛОВСКА – ЦВЕТАНОВА**

– Можеби сегашната министерка ќе има одредени забелешки или евентуално некои дополнувања, но како и да е потпишувањето на договорот е во завршна фаза – велат во Министерството.

Договорот за закуп на едно од 300-те студија-ателјеа со кои располага Sitè internacionale des art, кои се наоѓаат во центарот на Париз, спроти катедралата Нотрдам, предвидува негово континуирано користење преку целата година. По два месеца во годината во ателјето ќе можат да работат двајца уметници истовремено, со тоа што следната година истите тие уметници ќе имаат можност да приредат изложба во мошне ексклузивниот галериски простор. На уметниците, според договорот, би им биле обезбедени сите услови за престој и работа, за околу 700 г.м. за двајцата.

Благодарение на добрата волја на г-ѓа Брино, како што велат во ДЛУМ нивните членови и сега користат едно до ателјеата на Sitè internacionale des art, но само два месеца во годината, односно, по двајца уметници месечно. Годинава ателјето ќе го користат Марија Светиева, Тања Таневска и Анка Данаиловска, а во октомври ќе имаат изложба Мирослав Масин, Сергеј Андреевски и Павле Кузмановски. Сепак, останува спорно дали ателјето, доколку се потпише договорот, ќе можат да ги користат исклучиво членови на ДЛУМ или право на користење ќе имаат и други уметници. И на крај, да се надеваме дека наскоро нема да има уште една реконструкција на Владата, па да се чека потпис од некој нов, иден министер.

**Г. Донакова-Станковиќ**